1464

# П Р О Г Р А М А

на активности за прибирање на мемоарска граѓа
за публикации за Наум Веслиевски -Овчарот и
Мите Трповски - Војводата

Ресен, Февруари 1989 година

ВОВЕД

Претседателството на Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ Ресен, во своите програмски активности се определи да се вложат максимални напори за прибирање на сеќавања, мемоарски материјал и друго за животниот и борбениот пат на Наум Веслиевски - Овчарот и Мите Трповски -Војводата кои имаат огромно значење за текот на Народноослободителната војна на Македонија и пошироко.

Комисијата за мемоари, хроники и други публикации од НОВ при ОО на СЗБ од НОВ Ресен со цел да се реализира определбата за прибирање на мемоарки и други материјали за двата истакнати првоборци и револуционери, на седницата одржана на ______ 1989 година формира работна група во состав :

1. Боре Јоновски, Раководител,
2. Лилјана Лабачевска , член
3. Митко Грнчаровски, член
4. Кице Јанкуловски, член
5. Кире Радевски , член

Работната група има задача да изработи Програма на активности за прибирање на мемоарска граѓа за публикации за Наум Веслиевски - Овчарот и Мите Трповски - Војводата.

АКТИВНОСТИ И МЕМОАРСКИ МАТЕРИЈАЛИ

1. Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ ќе изготви список на лица - учесници во НОВ од Ресен и од други места од кој ќе се прибираат материјали.

2. Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ, по писмен пат ќе ги информира сите лица од списокот за потребата, значењето и целта на иницијативата и активностите на СЗБ од НОВ Ресен со што ќе придонесе за нивно вклучување во реализацијата на оваа иницијатива.

3. Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ, ќе организира средби со учесници во НОВ и тоа :

- во Скопје со учесници што живеат во Скопје;
- во Битола со учесници што живеат во Битола ; и
- во Ресен со учесници во НОВ што живеат во Ресен.

4. Претседателството на Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен, ќе формира Иницијативен одбор за собирање на мемоарска граѓа, во кој, покрај членовите од досегашната работна група од Ресен, ќе се именуваат уште 8 ( осум ) членови од Секцијата на Одредот "Даме Груев" и Баталјонот "Стив Наумов" што живеат во Скопје, како и 4 ( четири ) члена од Секцијата на одредот "Даме Груев" од Битола.

5.Целокупната собрана мемоарска граѓа, сеќавања,кажувања, снимени ленти, фотографии и друго, ќе се депонира при Домот на културата "Драги Тозија" Ресен, и ќе служи како архивска документација, со цел да се користи во натамошната активност за историографијата на Преспа.

6. Собирачката дејност ќе се одвива на неколку начини:

-групни разговори со учесници во НОВ и други лица;

-индивидуални разговори со учесници во НОВ и други лица;

-самостојно пишување на сеќавања и мемоарски материјали.

Учесниците во НОВ кои се во состојба самостојно да пишуваат ќе бидат замолени во одреден временски рок во писмена форма да доставаат свои сеќавања за животниот и револуционерниот пат на Наум Веслиевски - Овчарот и Мите Трповски - Војводата.

Со учесниците кои не се во состојба самостојно да пишуваат ќе бидат договорени термини во кои истите ќе бидат повикани или посетени од стручни лица и притоа ќе дадат свои изјави што ќе бидат запишани или снимени на магнетофонска лента.

- Преку посети на семејствата, блиски роднини и други лица ќе се триберат биогравски податоци за животот на нивните семејства (потекло, револуционерна припадност, имотна состојба и слично).

- Ќе се вложат напори со утврдување на приоритети да се приберат материјали од оние учесници кои биле на одговорни воено-политички должности во времето на НОВ, како и учесници кои се во поизминати години и изнемоштени со цел да се оневозможи да го однесат со себе она што го знаат за овие личности.

7. Комисијата за мемоари, хроники и други публикации од НОВ при ОО СЗБ од НОВ ќе утврди список на лица што ќе бидат вклучени во собирачката активност а тоа треба да бидат: историчари, книжевници, општественици и други кои оваа задача ќе ја примат со сета сериозност и ќе го дадат својот значаен придонес.

8. За успешно остварување на овие активности Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен и Извршниот совет на СО- Ресен, ќе се ангажираат во изнаоѓање на финансиски средства од различни извори заради набавка на магнетофон и магнетофонски ленти и други материјали и потреби.

9. Домот на културата " Драги Тозија " Ресен, во рамките на својата поставеност и надлежност, како и со целосна ангажираност на својот стручен потенцијал да се вклучи во реализацијата на задачите што произлегуваат од оваа Програма и да даде придонес за нивна целосна реализација

8.II.1989 година
Ресен

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ОО СЗБ НОВ
РЕСЕН